OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 27 Април 2018 година

### „Биди Банкар!" Летна школа на Охридска банка Сосиете Женерал

Интензивна летна школа, во период од 1-27 јули 2018г., во Охрид

Втора година по ред, Охридска банка Сосиете Женерал, организира интензивна летна школа за сите заинтересирани студенти кои се во завршна година на додипломски студии или постдипломски студии, која ќе се одржи во Охрид, од 1 до 27 јули 2018 година.

Биди Банкар е првата и единствена летна школа од овој вид, чиј концепт е интерактивен со практични и тематски предавања кои ќе им помогнат на младите кадри да се стекнат со професионално искуство во различни области и кариерен развој.

Програмата на школата вклучува различен тип на активности, како практична работа во Дирекцијата и експозитурите на Банката во Охрид, тематски предавања од областа на банкарството и финансиите, обуки за меки вештини, предавачи од реномирани компании, како и многу забава, дружење и едукација.

Школата има за цел да ги воведе младите кадри во банкарското работење преку практична работа, да го прошири знаењето на учесниците во повеќе области, да ги подготви младите за пазарот на трудот, како и да овозможи едномесечно дружење, забава, учење и многу интересни содржини кои ќе помогнат во понатамошниот кариерен развој на учесниците.

Сите заинтересирани студенти кои се во завршна година на додипломски студии или постдипломски студии, можат своите Апликации да ги достават на e-mail: kariera@ob.com.mk со назнака „Апликација за летна школа", најдоцна до 27 мај 2018 година.

Трошоците за храна и сместување во текот на времетраењето на школата, ќе бидат покриени од страна на Охридска банка Сосиете Женерал.

Повеќе информации на www.ohridskabanka.mk

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија" од трите најважни банкарски авторитети - "Global Finance", "Euromoney" и "The Banker" и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија" во 2017 година од "Global Finance" и "Euromoney". Оваа година, Банката ја започна со уште една награда, повторно од Глобал Фајнанс, за „Најдобра банка во Македонија" за 2018 година.*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Катерина Петровска
Раководител на Дирекција за Маркетинг
e-mail: katerina.petrovska@ob.com.mk
Тел: +389 2 3167 698

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: ivana.petrevska@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682